# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Петок, 12 март 1971**
**Скопје**
**Број 8 Год. XXVII**

**Претплатата за 1971 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16**


**31.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОД ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ВО ОБЛАСТА НА УТВРДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО НЕКОИ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за отстапување од привремените мерки во областа на утврдувањето на средствата за исплатување на лични доходи во некои работни организации во Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 март 1971 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 10 март 1971 година.

Број 03-1072
11 март 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОД ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ВО ОБЛАСТА НА УТВРДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО НЕКОИ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Самостојните организации на здружениот труд од областа на стопанството во кои просечните лични доходи во 1970 година беа под просечниот личен доход во Социјалистичка Република Македонија за таа година, можат, во зависност од резултатите на трудот да исплатуваат лични доходи и средства за заедничка потрошувачка наменети за исплата на лични доходи и преку износот утврден со член 1 од Законот за привремените мерки во областа на утврдувањето на средствата за исплатување на лични доходи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 60/70 — Закон).

Просечниот нето личен доход во Социјалистичка Република Македонија за 1970 година изнесува 989 динари.

Член 2

Организациите од дејноста на школите (основни, средни, виши и високи и факултети), организациите од културно-просветната дејност и организациите од дејноста на социјалната заштита, со исклучок на заводите за запослување, како и организациите од гранката градба што исплатуваат лични доходи во согласност со начелата и критериумите утврдени во самоуправните спогодби склучени во 1970 година, можат да исплатуваат лични доходи и преку износот утврден со член 1 од Законот.

Член 3

Одредбите од претходниот член се однесуваат и на организациите во инвестициона изградба, доколку е тоа во интерес на побрзото завршување на објектот и ако за тоа даде согласност општинското собрание на седница.

Член 4

Овој закон влегува во сила следниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а одредбите на член 1—3 ќе се применуваат од 1. I. 1971 година.

**32.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Одлуката што ја донел Управниот одбор на Адвокатската комора на СР Македонија на седницата одржана на 15 октомври 1969 година, со која на пензионираните лица не им се дозволува запослување во адвокатските канцеларии со неполно работно време, по одржаната јавна расправа на 18 февруари 1971 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката на Управниот одбор на Адвокатската комора на СР Македонија од 15 октомври 1969 година со која на пензионираните лица не им се дозволува запослување во адвокатските канцеларии со неполно работно време.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и на начин определен во Статутот на Адвокатската комора на СР Македонија.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод претставката на Никола Дуровски, од Скопје, поведе постапка за оценување законитоста од Одлуката означена во точката 1.

Означената Одлука ја донел Управниот одбор на Адвокатската комора на СР Македонија и со неа на пензионираните лица им се забранува да работат во адвокатските канцеларии со неполно работно време.

Врз основа на испитувањата од претходната постапка и по одржаната јавна расправа Уставниот суд на Македонија утврди дека означената одлука не е во согласност со законските одредби со кои се уредуваат правата на пензионираните лица и по пензионирањето да засновуваат работни односи а посебно дека не е во согласност ниту со Законот за начинот на пополнување на работните места со неполно работно време. Освен ова, според Законот за адвокатурата ниту управниот одбор на адвокатската комора ниту било кој друг нејзин орган немаат овластување да ги уредуваат правата и должностите на лицата вон редот на оние лица на кои им се доверува вршењето на адвокатурата како јавна служба и вон од оние прашања за кои тие изрично со закон се овластени. Бидејќи во кругот на лицата што ја вршат адвокатурата како јавна служ-

ба не влегуваат работниците во адвокатските канцеларии кои немаат својство адвокат или адвокатски приправник и бидејќи во редот на прашањата за кои одлучуваат органите на комората не влегуваат и прашањата за внатрешното работење во адвокатските канцеларии, Уставниот суд одлучи нападната Одлука на Управниот одбор на Адвокатската комора да ја поништи како донесена од ненадлежен орган и како спротивна со законот.

У. бр. 6/70
5 март 1971 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар,** с. р.

---

**33.**

Врз основа на членот 35 став 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и членот 37 и 94 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69 и 47/70), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 февруари 1971 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ, ИЗНОСОТ НА ЗАШТИТНИОТ ДОДАТОК И УСЛОВИТЕ ЗА ДОБИВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ГУБЕЊЕ ПРАВО НА ТОЈ ДОДАТОК

I

Со оваа одлука се определуваат: граничниот износ на најниското пензиско примање, износот на заштитниот додаток на пензијата и условите за добивање, користење и губење право на тој додаток.

II

Граничниот износ на најниското пензиско примање за определување правото и височината на заштитниот додаток на пензијата се утврдува во износ од 400 динари.

III

Заштитен додаток на пензијата претставува разликата помеѓу износот на пензијата што припаѓа на уживателот според Законот и износот од претходната точка, а се определува во процент од таа разлика на следниов начин:

1. За уживатели на старосна пензија, зависно од должината на пензискиот стаж, додатокот изнесува:

а) за уживатели на старосна пензија — мажи кои имаат пензиски стаж:

— до 15 години 70% од разликата:

— преку 15 до 35 години за секоја година 1.5% од разликата:

— преку 35 години 100% од разликата.

б) за уживатели на старосна пензија — жени кои имаат пензиски стаж:

— до 15 години 70% од разликата:

— преку 15 до 30 години за секоја година по 2% од разликата;

— преку 30 години 100% од разликата

2. За уживателите на инвалидска пензија височината на заштитниот додаток се утврдува од разликата помеѓу износот на пензијата заедно со инвалидскиот додаток којшто припаѓа по законот и износот од точката II на оваа одлука и изнесува:

а) 100% од наведената разлика:

— за инвалидите на трудот од I категорија на инвалидност;

— за уживателите на инвалидска пензија — инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност кои во часот на настапувањето на инвалидноста имаат 60 години на живот (мажи) односно 55 години на живот (жени);

— за уживателите на инвалидска пензија — инвалиди на трудот од II и III категорија на инвалидност од член 54 точка 4 до 6 од Основниот закон за инвалидското осигурување, без оглед на годините на животот;

— за уживателите на инвалидска пензија определена поради инвалидност предизвикана од несреќа на работа или професионално заболување, без оглед на категоријата на инвалидноста и годините на животот;

б) за уживателите на инвалидска пензија од II и III категорија на инвалидност кај кои инвалидноста настапила пред 60 години на живот (мажи) односно 55 години на живот (жени) — височината на заштитниот додаток се определува во проценти од наведената разлика и изнесува:

— 90% од разликата — ако вкупниот пензиски стаж изнесува најмалку три четвртини од работниот век;

— 80% од разликата — ако вкупниот пензиски стаж изнесува помалку од три четвртини од работниот век.

Уживателите на инвалидска пензија, наведени со претходниот став под б), кога навршуваат 60 години на живот (мажи) односно 55 години на живот (жени) — заштитниот додаток припаѓа во височина 100% од наведената разлика.

3. Заштитниот додаток на семејните пензии се определува од разликата на вкупниот износ на пензијата, која припаѓа по законот и износот од точката II на оваа одлука според бројот на членовите на семејството кои имаат право на семејна пензија и изнесува:

— за еден член уживател на пензија 70% од разликата;

— за два члена уживатели на пензија 80% од разликата;

— за три члена уживатели на пензија 90% од разликата;

— за четири и повеќе члена уживатели на пензија 100% од разликата.

IV

1. Уживателот на пензија има право на заштитен додаток на пензијата ако пензијата му е помала од граничниот износ на најниското пензиско примање определен со оваа одлука и ако ни уживателот на пензијата ни членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување (цензус на приходите).

Како членови на домаќинството на уживателот на пензија се сметаат лицата кои со него имаат заедница на живот, стопанисување и трошење на остварените приходи

2. Се смета дека ни уживателот на пензија, ни членовите на неговото домаќинство немаат други приходи доволни за издржување:

а) ако приходите остварени по основата од работен однос (лични доходи, надоместоци, пензии и друго) не изнесуваат повеќе од 250 динари месечно по член на домаќинството;

б) ако основицата на придонесот од личниот доход од земјоделска дејност (катастарскиот приход) не им изнесува повеќе од 90 динари годишно по член на домаќинството;

в) ако личниот доход од вршење на занаетчиски и други стопански дејности или од интелектуални услуги, како и од на данок подложни приходи од имот и имотни права (останати дополнителни приходи) не изнесува повеќе од 100 динари месечно по член на домаќинството.

Во вкупните приходи на домаќинството од претходниот став не влегуваат:

— пензијата на уживателот на пензија за чие право на заштитен додаток се решава и неговите други примања по основа на социјалното осигурување;

— инвалиднината и додатокот за помош и нега по прописите за инвалидското осигурување и додатокот на деца на другите членови на домаќинството;

— примањата по основа на прописите за воените и мирновремените воени инвалиди;

— другите примања на уживателот на пензијата и членовите на неговото домаќинство за кои според прописите за нивното воспоставување е изрично определено да не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

При утврдувањето на цензусот на приходите не се земаат предвид привремените односно постојаните ослободувања и олеснувања во извршувањето на обврските за плаќање придонеси од личниот доход и даноци на граѓаните.

3. Ако уживателот на пензија и членовите на неговото домаќинство имаат истовремено приходи по различни основи од потточката 2 од оваа точка, сите приходи на домаќинството се сведуваат на приходи по основа од работен однос на тој начин што катастарските приходи се множат со коефициентот 2,8 а останатите дополнителни приходи со коефициентот 2,5. Збирот на така сведените и собраните вкупни приходи на домаќинството (вклучително и приходите од работен однос) се дели со бројот на членовите на домаќинството и ако количникот изнесува повеќе од 250 динари просечно по член на домаќинството на уживателот на пензијата ќе му следува право на заштитен додаток.

4. При утврдувањето височината на приходите на домаќинството на уживателот на пензијата во смисла на потточката 2 од оваа точка се зема:

а) како приход остварен по основа на работниот однос — просечниот месечен износ на личниот доход, надоместоците и другите примања од работен однос пресметани по сите ефективни примања (исплати) остварени во претходната година, а за пензиите месечниот износ на пензијата остварен во месец декември од претходната година односно во соодветниот месец од тековната година во кој е остварено правото на пензијата;

б) како катастарски приход — основицата на придонесот од личниот доход од земјоделска дејност од претходната година;

в) како останати дополнителни приходи — основицата за плаќање придонес од личниот доход и данок од претходната година.

При утврдувањето на цензусот на приходите на уживателот на пензијата се зема предвид и катастарскиот приход од сопственичкиот дел на земјоделски или друг имот односно од сонаследничкиот дел на нерасправена оставина што по наследно право му припаѓа на членот на домаќинството на уживателот на пензијата без оглед на тоа дали го користи сосопственичкиот односно сонаследничкиот дел.

5. Ако двајца или повеќе членови на домаќинството се уживатели на пензија во износ помал од граничниот износ на најниското пензиско примање определен со оваа одлука, нивното право на заштитен додаток се утврдува едноподруго, почнувајќи од уживателот на најниска пензија. Притоа, при утврдувањето на правото на заштитен додаток на вториот и наредните уживатели на пензија во цензусот на приходите на домаќинството се зема предвид и износот на заштитниот додаток доделен на претходните уживатели на пензија.

V

1. Ако семејната пензија ја уживаат членови на потесното семејство и членови на поширокото семејство, а сите соуживатели ги исполнуваат условите за добивање право на заштитен додаток според оваа одлука, делот на заштитниот додаток што им припаѓа на членовите од поширокото семејство се утврдува согласно членот 92 став 1 точка 2 од Основниот закон за пензиското осигурување.

2. Доколку некој од соуживателите на семејната пензија ги исполнува, а некој не ги исполнува условите за добивање право на заштитен додаток во смисла на одредбите на оваа одлука, заштитниот додаток претходно се дели како да сите соуживатели ги исполнуваат условите, па така утврдените делови се исплатуваат на членовите кои ги исполнуваат условите за заштитен додаток.

3. Кога уживателите на семејна пензија живеат одделно, а според оваа одлука им припаѓа заштитен додаток, тогаш заштитниот додаток се дели согласно член 105 од Основниот закон за пензиското осигурување.

4. Ако семејна пензија уживаат двајца или повеќе членови на семејството па ако на некој од нив му престане тоа право или исплатувањето на семејната пензија биде запрено, односно тоа право на одделен член мирува, или ако на вдовица, поради запослување или добивање право на старосна пензија, не и се исплатува семејна пензија, правото на заштитен додаток ќе се утврдува согласно член 106 од Основниот закон за пензиското осигурување.

VI

1. Заштитниот додаток се исплатува од денот од кој припаѓа пензијата, ако барањето е поднесено најдоцна во рок од 6 месеци од примањето на решението за правото на пензија. Ако барањето е поднесено по тој рок, заштитниот додаток се исплатува од првиот ден на следниот месец по донесувањето на барањето и шест месеци наназад.

2. Ако поради промена на стварните околности престанат условите за исплатување на заштитен додаток, исплатувањето на заштитниот додаток се запира од првиот ден на следниот месец по настанатата промена.

3. Ако поради промена на стварните околности бидат дополнително исполнети условите за исплатување на заштитен додаток, заштитниот додаток се исплатува од првиот ден на следниот месец по исполнувањето на условите и поднесувањето на барањето.

VII

На досегашните уживатели на заштитен додаток што ги исполнуваат условите за добивање право на тој додаток според одредбите на оваа одлука им продолжува правото на заштитен додаток од 1 јули 1971 година, со тоа што тие се должни најдоцна до 30 април 1971 година да поднесат докази за својата семејна положба и приходите. Ако доказите за правото на заштитен додаток не бидат поднесени до тој рок, исплатата на тој додаток ќе се запре сè до поднесувањето на такви докази.

Уживателите на пензија кои во денот на примената на оваа одлука ги исполнуваат условите за добивање право на заштитен додаток според одредбите на оваа одлука, а кои такво право досега не користеле, имаат право на заштитен додаток од 1 јули 1971 година, под услов барањето на заштитниот додаток да е поднесено до 31 декември 1971 година. Ако барањето на заштитниот додаток биде поднесено по тој рок, правото на тој додаток следува од првиот ден на следниот месец по поднесувањето на барањето и за шест месеци наназад.

VIII

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за граничниот износ на најниското пензиско примање, за заштитниот додаток и другите услови за обезбедување, користење и губење право на тој додаток („Службен весник на СРМ“ бр. 8/67, 7/68, 40/68, 37/69 и 31/70).

IX

Сваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1971 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-564/1
26 февруари 1971 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

**34.**

Врз основа на членот 118 став 2 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 54/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 26 февруари 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО 1971 ГОДИНА

I

На корисниците на старосна, инвалидска и семејна пензија им се определува надоместок за закрепнување во 1971 година во износ од 100 динари.

II

Право на надоместок од претходната точка имаат корисниците на пензија кои правото на пензија го оствариле и престанале да работат до 31 декември 1970 година, како и оние кои право на пензија ќе остварат и ќе престанат да работат во текот на 1971 година, ако не користеле надоместок за годишен одмор во 1971 година од својата работна односно друга организација.

III

Повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник за определување на надоместокот за закрепнување по оваа одлука.

IV

Од остатокот на средствата за закрепнување на корисниците на пензија што ќе се формираат до крајот на 1971 година по одбитокот на делот за исплата на надоместокот во смисла на точка I и II од оваа одлука, средства во износ од 520.000 динари ќе се употребат за изградба на објекти за закрепнување на корисниците на пензија а преостанатиот дел ќе се употреби сообразно со намената на тие средства во идната година.

V

Исплатата на надоместокот за закрепнување по оваа одлука ќе се изврши заедно со исплатувањето на разликата од зголемувањето на пензиите според членот 97 и 102 од Основниот закон за пензиското осигурување.

VI

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-565/1
26 февруари 1971 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

**35.**

Врз основа на членот 35 став 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 54/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67) и членот 32 став 2 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 55/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70 и 60/70). Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците на седницата одржана на 26 февруари 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО ГОДИНИТЕ 1961, 1962, 1963, 1964, 1965, 1966, 1967, 1968 И 1969 НА НИВО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ОД 1970 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдуваат валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи остварени во годините 1961, 1962, 1963, 1964, 1965, 1966, 1967, 1968 и 1969 на нивото на личните доходи од 1970 година.

II

На осигурениците кои остваруваат право на пензија по одредбите од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70 и 60/70) и Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69), а пензиската основа им се утврдува со пресметување на личните доходи остварени во поранешните години на ниво на личните доходи од 1970 година, пресметувањето ќе им се извршува со примена на следниве коефициенти:

— за личните доходи од 1961 година — 549
— за личните доходи од 1962 година — 469
— за личните доходи од 1963 година — 407
— за личните доходи од 1964 година — 319
— за личните доходи од 1965 година — 238
— за личните доходи од 1966 година — 168
— за личните доходи од 1967 година — 145
— за личните доходи од 1968 година — 132
— за личните доходи од 1969 година — 118

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-573/1
26 февруари 1971 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје тужителката Колесникова Перса од Скопје, населба „Бутел I", ул. „1101" бр. 238а, поднесе тужба за развод на брак против тужениот Колесников Павле, со непозната адреса на живеење. Се повикува тужениот Колесников Павле, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да му ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично во судот. Во противно ќе му се одреди старател кој ќе го застапува во оваа парница.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 501/71. (19)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Василе Јанкуловски од с. Браилово, поднесе тужба за развод на брак против Ката Јанкуловска, родена Марушиќ, од с. Долнени, сега во неизвесност. Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник.

Во противно на истата ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 50/71. (18)

---

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 581, страна 399, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Центарот за социјална работа — Титов Велес, Јосиф Д. Пешов, в. д. директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на Центарот е назначен Ампов Божидар, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Чаушевски Киро, социјален работник и стариот регистриран потписник Јорданов Ѓоре, сметководител, сметано од 28. I. 1969 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 9/69 од 12. XI. 1970 година. (2041)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 479, страна 807, книга III е запишано следното: Досегашната дејност на Установата за комунално и станбено стопанисување — Дебар, согласно со одлуката бр. 02-716/1 од 23. X. 1969 година на работната заедница, од одржаната седница на 19. IX. 1969 година се проширува и со: производство на бетонски канализациони цевки, вршење на градежни и градежни занаетчиски услуги; вршење на трговска дејност, продажба на водоинсталатерски, санитарни и електро-материјали, канализациони цевки и други градежни инсталатерски материјали.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 167/70 од 4. II. 1971 година. (250)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 499, страна 33, книга III е запишано следното: На досегашниот управник на Народната аптека — Дебар, м-р Ментор Диша му престанува правото за потпишување поради разрешување од должност.

За в. д. управник на Народната аптека — Дебар е наименуван Мухарем Довољани, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува аптеката, во границите на своите овластувања, заедно со досегашниот потписник Евдокија Манојлова, шеф на сметководството .

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 132/70 од 1. II. 1971 година. (269)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 11. I. 1971 година, рег. бр. 35/66 е запишано следното: Се проширува дејноста на Заводот за запослување на работници — Струга, уште со дејностите што се сметаат како занаетчиски („Службен лист на СФРЈ" бр. 49/63).

Оваа промена е извршена во регистарот врз основа на одлуката бр. 02-688/1 од 11. XII. 1970 година на работната заедница на Заводот за запослување на работници — Струга и решението бр 07-1497/2 од 15. V. 1965 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 4/71. (290)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 669, страна 829, книга III е запишан под назив: Општествен дом „Скопје" — Дебар. Предмет на работењето на Домот е да обезбедува прикажување на краткометражни и играни филмови за градот и селата на Дебар, да организира гостувања на разни театарски и аматерски културно-уметнички друштва и да направи сè за збогатувањето на културно-забавниот и уметничкиот живот во градот и целата општина преку овие и други форми и преку формирање на своите музички, литературни, драмски и други секции; да обезбедува библиотекарска дејност и општа активност за популаризација на книгата и да спроведува културно-просветна дејност што се овозможува со помошта на книгата; да развива активности на работнички универзитети со организирање на предавања од областа на општествено-политичкиот, здравствениот и културно-просветниот живот и развој од областа на образованието на возрасните и сенародната одбрана; да ги развива сите забавно општествени форми на активности како што се: заедничко следење на радио и телевизиска програма, следење на дневниот и периодичниот печат, организирање на општествени игри, пинг-понг и друго.

Општествениот дом е основан од Собранието на општината Дебар, со решението бр. 02-3267/1 од 24-XII-1970 година .

Установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Лутви Марку, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 3 од 18. II. 1971 година. (331)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 667, страна 815, книга III е запишана под назив: Градска аптека „1 Мај" — Скопје, ул. „Пиринска" бр. 2. Предмет на работењето на аптеката е издавање и припремање на сите видови лекарства и санитетски материјали.

Аптеката е основана од Народниот одбор на град Скопје, со решението бр. 6722 од 30. X. 1952 година.

Установата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Јанишлиев Ѓорѓи, директор и Јанчева Марија, администратор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 22 од 15. II. 1971 година. (335)

# РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 23. IX. 1970 година, рег. бр. 14/55, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Трговското претпријатие „Јасен" од Прилеп, уште со: обавување промет на авторезервни делови, бои и лакови и обавување на транспорт на нафта и нафтени деривати од добавувачот до корисникот.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 2180 од 10. VIII. 1970 година, на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Јасен" од Прилеп, и решенијата на пазарната, санитарната и трудовата инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 487/70. (1691)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 963, страна 283, книга VI е запишано следното: Досегашниот директор на Самостојната организација на здружен труд — Погон — Валандово, на „Југотутун" — Скопје Басмаџиев Ристо Павле е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Самостојната организација на здружен труд — Погон во Валандово на „Југотутун" — Скопје е назначен Ристо Киро Проданов, кој истиот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Маринкова Аргир Марика, шеф на сметководството, сметано од 24. VII. 1970 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 622 од 30. IX. 1970 година. (1778)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 86, страна 1085, книга II е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие, на големо и мало „Солун" — Гевгелија, согласно со одлуката бр. 01-1149/3 од 17. I. 1968 година на работничкиот совет од одржаната седница на 17. I. 1968 година, се проширува и со откуп на сите видови земјоделски производи, како дополнение на основната дејност на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 236/68 од 23. X. 1970 година (1782)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 23. страна 201, книга I е запишано следното: На досегашните потписници на Мешовитото трговско претпријатие „8 Септември" — Дебар и тоа: Али Реџа и Коруми Муарем Аџи им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За нови потписници на споменатото претпријатие се назначени следните лица: Сарачи Неби, комерцијален директор и Дика Мерсим, шеф на сметководството, кои претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Кочи Осман Нијази, директор, и Илми Папранику, сметано од 25. VIII 1970 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 692 од 13. X. 1970 година. (1785)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 190, страна 551, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Организацијата на здружен труд — Продавница во Куманово, ул. „Ленинова" бр. 40, Наумовски Радојче е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на споменатата продавница е назначен Петрушевски Петар, кој нема да биде потписник, сметано од 10. V. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр 617/68 од 25. IX. 1970 година. (1788)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 313, страна 207, книга II е запишано следното: Дејноста на Градежното претпријатие „Зидар" — Куманово, согласно со одлуката бр. 266 од 13. VII. 1970 година, на советот на работната заедница, од одржаната седница на 13. VII. 1970 година, се проширува и со промет на градежен материјал, обоени и необоени метали, неметали, гума, кожа, колонијална стока, селскостопански производи, санитарни уреди и огревен материјал

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 614 од 22 X. 1970 год. (1790)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 959, страна 407, книга VI е запишано следното: Фирмата на Откупната станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид билка" во Кавадарци, се менува и гласи: Откупна станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид" — Кавадарци, согласно со одлуката бр. 3369 од 22 VII. 1968 година, на работничкиот совет, од одржаната седница на 1. VII 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 856/68 од 25. IX 1970 година. (1800)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 407, страна 464, книга VI е запишана под фирма: Работна организација „29 Ноември" — Скопје — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Работна единица број 1 во Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 14. Предмет на работењето на работната единица е продажба на стакларска галантерија, огледала, рамки, урамени слики и обавување на стаклорезачки услуги.

Работната единица е основана со присоединување на „Јавор" — работна организација за стаклорезачки, стаклобрусачки и столарски услуги — Скопје, кон Градежното занаетчиско и услужно претпријатие „Пролет" — Скопје, со решението Фи. бр. 509 од 17. V. 1968 година а подоцна Работна организација „29 Ноември" — Скопје, со решението Фи. бр. 585 од 22. V. 1968 година.

Раководител на работната единица е Димитровски Костадин.

Работната единица број 1 во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр 763/68 од 30. X. 1970 година. (1886)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 407, страна 464, книга VI е запишана под фирма: Работна организација „29 Ноември" — Скопје — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Работна единица број 3, во Скопје, ул. „Орце Николов" бр. 105. Предмет на работењето на работната единица е продажба на стока од сопствено производство и вршење услуги на граѓаните во рамките на работењето на работната организација.

Работната единица е основана со присоединување на „Јавор" — работна организација за стаклорезачки, стаклобрусачки и столарски услуги — Скопје кон Градежното занаетчиско и услужно претпријатие „Пролет" — Скопје со решението Фи. бр. 509 од 17. V. 1968 година, и подоцна Работна организација „29 Ноември" — Скопје ,со решението бр. 585 од 22. V. 1968 година.

Раководител на работната единица е Трпчевски Андро. Работната единица број 3 во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува — матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 764/68 од 30. X. 1970 година. (1887)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 787, страна 779, книга V е запишана под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол" — Скопје — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Кебапчилница „Зелен пазар" — Скопје, ул. „Кочо Рацин" бб. Предмет на работењето на кебапчилницата е да врши угостителски услуги, во рамките на одобрената дејност на претпријатието.

Кебапчилницата е основана од работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол" — Скопје, со одлуката бр. 03—2119/1 од 23. XII. 1968 година, од одржаната седница на 13. VIII. 1968 година.

Раководител на кебапчилницата е Куновски Стојан.

Кебапчилницата „Зелен Пазар" — Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1281/68 од 28. X. 1970 година. (1888)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 787, страна 779, книга V е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол" — Скопје — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Бифе — кебапчилница „Рампа", — Скопје, ул. „11 Октомври" бб. Предмет на работењето на бифето е да врши угостителски услуги, во рамките на одобрената дејност на претпријатието.

Бифето-кебапчилницата е основана од работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол" — Скопје, со одлуката бр. 03—2119/2 од 23. XII. 1968 година, од одржаната седница на 13. VIII. 1968 година.

Раководител на бифето е Јошевски Бошко.

Организацијата на здружен труд, без својство на правно лице — бифе — ќебапчилница „Рампа" — Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. Фи. бр. 1282/68 од 28. X. 1970 година. (1889)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. бр. 1345, страна 460, книга VI е запишано под фирма: Земјоделска задруга „Кисела Вода" — Ресен — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Стовариште во Скопје. ул. „Никола Вапцаров" бр. 17 Предмет на работењето на стовариштето е продажба на големо и мало на јаболка и јужно овошје.

Стовариштето е основано од задружниот совет на Земјоделската задруга „Кисела Вода" — Ресен, со одлуката бр 02—2191/1 од 6 VII. 1968 год., од одржаната седница на 11. VI. 1968 година.

Раководител на стовариштето е Димовски Илија.

Организацијата на здружен труд без својство на правно лице — стовариште во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува — задругата, во границите на овластувањето

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 331 од 23 X 1970 година (1890)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 564, страна 169, книга II е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со часовници. бижутерија и прецизни инструменти. на големо, „Хронометар" — Скопје — Организација на здружен труд — Продавница во Скопје, ул. „11 Октомври" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на часовници, козметички препарати и бижутерија.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие „Хронометар" — Скопје, со одлуката бр. 44 од 28. VIII. 1968 год. од одржаната седница на 28. VIII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Павле Улковски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1266/68 од 6. X. 1970 година. (1891)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1286, страна 53, книга VI е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало — „Народна техника" — Скопје, ул. „157" бр. 20 — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Продавница број 5 во Скопје, ул. „Цветан Димов" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на железарија, радио и ТВ материјали, материјали за општотехничко образование и разни електрични материјали.

Продавницата е основана од Советот на работната заедница, со одлуката од одржаната седница на 1. IX. 1969 година.

Раководител на продавницата е Тодоровски Васе.

Продавницата број 5 во Скопје, ул. „Цветан Димов" бб, ќе ја поптишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 997/69 од 26. X. 1970 година. (1892)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1399, страна 485, книга VI е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Универзал" — Штип — Претставништво во Скопје, Продавница — стовариште, ул. „108" бр. 18 — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на големо на шеќерни производи.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал" — Штип — Претставништво во Скопје, со одлуката број 244 од 22 VI. 1970 година.

Раководител на продавницата е Костовски Аксентие.

Продавницата — стовариштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува — матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. Фи. бр. 608 од 6 XI. 1970 година. (1893)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. бр. 141, страна 149, книга III е запишана под фирма: Трговско претпријатие, на големо и мало „Вардар" — Неготино — Организација на здружен труд без својство на правно лице — Пиљара број 10, во Скопје, ул. „801" бр. 28. Предмет на работењето на пиљарата е промет, на мало, со земјоделски производи. флаширани алкохолни и безалкохолни пијалоци, јужно овошје, сите видови конзервирани производи, зејтин и др.

Пиљарата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Вардар" — Неготино, со одлуката од одржаната седница на 19. X. 1970 година.

Раководител на пиљарата е Глигор Петковски.

Продавницата број 10 во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр 852 од 30. X. 1970 година. (1894)

# КОНКУРСИ

Конкурсните комисии на претпријатието „Аутомакедонија“ увоз-извоз — Скопје, за реизбор на главен директор и Директор на Погонот за сервиси на „Напредок“ од Штип

распишуваат

**КОНКУРС**

за именување (реизбор) на Главен директор на претпријатието „Аутомакедонија“ увоз-извоз — Скопје,

за именување (реизбор) на Директор на Самостојната организација на здружен труд — Погон за ремонт и сервис „Напредок“ од Штип.

Покрај општите услови, кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови:

— за работното место под точка 1

а) да има висока или виша школска односно стручна подготовка од економска, правна или техничка насока,

б) да има најмалку 8 години работна практика од дејноста на претпријатие, а од тоа 5 години практика на раководни должности,

в) да има статус на надворешно-трговски работи,

г) со правосилна судска пресуда да не бил осудуван за кривично дело кое го чини неподобен за вршење на функцијата на главен директор,

д) да не му е изречена судска пресуда за забрана на обавување должноста директор.

— за работното место под точка 2

а) да има висока школска подготовка од техничка (машинска или сообраќајна) насока или економска насока со најмалку 10 години работна практика од кои 5 години на раководни должности во ремонтно-сервисни услуги од авто струка, или виша школска подготовка од техничка (машинска или сообраќајна) насока или економска насока со најмалку 15 години работна практика од кои 8 години на раководна должност во ремонтно-сервисни услуги од авто-струка.

Конкурсот трае 15 дена по објавувањето.

Молбите се поднесуваат: за работното место под точка 1 до конкурсната комисија на претпријатието „Аутомакедонија“ увоз-извоз — Скопје, улица „Мито Хаџивасилев — Јасмин“ број 6, а за работното место под точка 2 до конкурсната комисија на претпријатието „Аутомакедонија“ увоз-извоз — Скопје — Погон за ремонт и сервис „Напредок“ — Штип.

Некомплетираните молби нема да се земаат предвид.

ОД КОНКУРСНИТЕ КОМИСИИ (456)

Заштитната работилница за рехабилитација и запослување на слепи лица „Слобода-Унион“ Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за РАКОВОДИТЕЛ НА ОПШТ СЕКТОР

Услови: Средно образование со 15 години работна практика во управни работи.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето, односно до пополнувањето на работното место.

Молбите со потребните документи се доставуваат до насловот на улица „256“ бб. — Скопје. (494)

---

ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ КРИВА ПАЛАНКА

распишува

**КОНКУРС**

за ЕДНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ХИРУРГИЈА

Услови:

— завршен приправнички стаж;
— положен стручен испит и
— познавање на еден странски јазик.

Предимство при изборот имаат кандидатите кои се на работа во Домот.

За поблиски информации обратете се во управата на Домот.

Конкурсот останува отворен 15 дена од објавувањето. (495)

---

**СОДРЖИНА**

Страна

31. Закон за отстапување од привремените мерки во областа на утврдувањето на средствата за исплатување на лични доходи во некои работни организации во Социјалистичка Република Македонија — — — 113
32. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 6/70 од 5. III. 1971 година — — — 113
33. Одлука за граничниот износ на најниското пензиско примање, износот на заштитниот додаток и условите за добивање, користење и губење право на тој додаток — — — 114
34. Одлука за користење на средствата за зацрепнување на корисниците на пензија во 1971 година — — — — — — — — 116
35. Одлука за валоризационите коефициенти за пресметување на личните доходи остварени во годините 1961, 1962, 1963, 1964, 1965, 1966, 1967, 1968 и 1969 на ниво на личните доходи во 1970 година — — — — — 116

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**